факултет доцентот Јаков Иванович Художников, на професорот Пјотр Михаилович Гапонов, на колегата Јану Илиу, наставник по историја на народите на Југославија најнов период, којшто, освен што ни даде исцрпни информации за застапеноста на историјата на народите на Југославија на Историскиот факултет кај нив, нè запозна со книжниот фонд, го преведуваше од македонски на руски јазик мошне успешно предавањето што го одржа пред нивните студенти и наставници проф. д-р Александар Апостолов, на тема, „Важни настани од најновата историја на народите на Југославија“ (1912—1946) и постојано ја придружуваше нашата група во Вороњеж. Ја чувствуваме исто така пријатната должност да им се заблагодариме на колегите наставници и студенти кои нè придружуваа во време на нашиот престој во СССР и со тоа придонесоа предвидената програма исцело да се реализира.

Срдечно испратени на железничката станица од своите домаќини, заминавме за Киев. Овој главен град на Украинската советска република, веднаш го пленува посетителот со својата убавина. Како што бевме обавестени, 60% од површината што ја зазема градот е под паркови и зеленило. Неговиот центар со модерни повеќекатници го прави величествен овој милионски град. Неговата концертна сала е меѓу ретките во Европа по својата модерна архитектура, по својата опрема, по просторноста и по функционалноста.

На 12. октомври, околу 0,1 часот по советско време тргнавме од Киев на пат за Југославија. На истиот ден, во 19 часот нашата група пристигна во Скопје, по 21 ден престој во СССР.

Впечатоците на сите што ја сочинувавме групата од овој престој беше сврзано со пријатното. Од она што чувме и што видовме, добивме бројни нови и корисни сознанија од нашата струка, а од топлината со која нè пречекаа, примаа, придружуваа и испратија нашите домаќини, се чувствувавме како меѓу свои пријатели и блиски. Ваквите заемни престои ќе имаат секогаш заеднички користи, па би требало да се подржуваат и натаму. Би било пожелно вакви контакти да се воспостават и меѓу нашите историски друштва.

**А. А.**

## ПРВ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА — ИЗГРАДУВАЊЕ НА ИСТОРИСКА СВЕСТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

Од 1—3 септември 1972 година, во Нови Сад, се одржа Првиот југословенски симпозиум за наставата по историја. Овој многу важен собир на којшто присуствуваа наставници од сите степени на образованието кај нас, научни работници и други стручњаци што се занимаваат со историја, го организира Сојузот на историските друштва од Југославија. Преку 12-те реферати и дискусијата се направи обид да се укаже на тешкотиите во наставата по историја и на патиштата за нивното отстранување.

Работата на симпозиумот се одвиваше според следнава програма: **„Социјалистичкото воспитување во**

**наставата по историја“** — Мирко Чанадановиќ, претседател на ПК СКС за Војводина; **„Изградување на историската свест кај учениците“** — д-р Андреј Митровиќ, професор од Белград; **„Научноста во наставата по историја“** — Љубо Спаравало, историчар од Сараево; **„Осврт на наставните планови и програми по историја на вишите и високите школи и факултети“** — д-р Чедомир Попов, доцент на Филозофскиот факултет од Нови Сад; **„Критички осврт на досегашните концепции на наставата по историја“** — м-р Милутин Перовиќ, историчар од Белград и Ѓерѓ Гал, историчар од Нови Сад; **„Активното учество на учениците во наставата по историја“** — Олга Салзер, предавач по методика на наставата по историја на Филозофскиот факултет во Загреб; **„Користење на уметничката литература во наставата по историја“** — д-р Војо Кушевски и Дамјан Лепчески, историчари од Скопје; **„Аудио-визуелните средства во наставата по историја“** — д-р Хрвоје Матковиќ, просветен советник од Загреб; **„Понова литература од методиката на наставата по историја“** — Лазар Ракиќ, историчар од Нови Сад; **„Психолошките основи и можности на наставата по историја“** — Зеф Мирдита, историчар од Приштина; **„Историските читанки и другата помошна литература во училиштата“** — Вукашин Радоњиќ, просветен советник од Титоград; **„Следење, проверување и оценување на работата на учениците во наставниот процес“** — Жељка Каргачин, просветен работник од Загреб.

Преку 300 присутни на симпозиумот со внимание го ислушаа поздравното излагање на д-р Димо Вујовиќ, претседател на Сојузот на историските друштва на Југославија. Тој, меѓу другото, подвлече „дека од порано било побарано одржување на ваков симпозиум, уште во периодот кога над нашата југословенска заедница беа надвиснати матни облаци, кога во поедини средини цветаше национализмот и шовинизмот, кога се пропагираше подвојување и затворање во тесни национални граници, кога почнаа да се раѓаат теории дека е несреќа за југословенските народи што се така етнички блиски и кога историските настани и историските личности почнаа да ги толкуваат разни аматери и нестручњаци (публицисти, книжевници, политичари, па дури и студенти) и тоа од позиции што немаат никаква врска со науката. Барањето се поставуваше затоа што се оцени дека тие појави се од националистички позиции, антинародни и туѓи за вистинскиот сериозен историчар — со цел да се сузбијат“.

Понатаму во своето излагање истакна дека кај нас „Главно немало сериозни историчари, оние коишто нешто значат во нашата историска наука, што отворено и јавно се ангажирале во најновото живеење на разни национализми“. Другарот Вујовиќ обрна внимание дека не било доволно само да се остане настрана од национализмот, туку историчарите морале енергично да се ангажираат и да реагираат на поедини националистички толкувања на нашето минато.

**Другарот Мирко Чанадановиќ,** во својот реферат се задржа и на историјата како хумана наука, којашто треба да појдува од човекот и да придонесе за формирањето на слободна социјалистичка личност. Тој подвлече дека „историјата треба да

овозможи запознавање на сите позитивни и негативни чинови и особини на својот и на другите народи и нации во минатото за поправилно да може да се осветли сегашнината и посигурно и побрзо да се оди во иднината. Ја истакна мислата дека е задача на историјата да формира хуманистичка свест за човекот и неговото историско творештво. „Некритички протолкувана историја, било тоа да е национална или меѓународна, врши идеолошко насилство на нашиот современ живот и односи", рече Чападановиќ, фрлајќи го акцентот на мислата дека — „Историјата не треба да биде слугинка на политиката".

**Другарот Андреј Митровиќ,** во својот реферат се задржа на некои филозофски и теоретски проблеми на наставата по историја во врска со изградувањето на историска свест кај учениците. Ја одбележуваме неговата мисла: „Некритичките и комформистичките односи ја овозможуваат појавата и развојот на разни националистички малограѓански и други форми на историската свест што доведуваат до деформации во социјалистичките односи и тоа историјата ја митологизира". Притоа тој подвлече дека националистичкиот мит пречи на историјата и бара таа да ги потврди неговите концепции, ставови и вистини. „На тој начин општеството останува без своја историска свест", рече тој.

**Другарот Чедомир Попов,** изнесе податоци за наставата по историја на Филозофскиот факултет во Нови Сад. Според неговото мислење позитивно е осовременувањето на наставата по историја, внесувањето на научните резултати, кадровското јакнење на наставната база и прилагодувањето на образовната активност на факултетот на животните потреби на општеството итн. Тој се задржа и на некои проблеми на наставата по историја на Филозофскиот факултет, а посебно на дилемата за еднопредметна или повеќепредметна настава, на односот во подготовката на студентите за научна работа и наставна практика. Ја изнесе и дилемата за воведување на степени во наставата.

**Другарите Милутин Перовиќ и Ѓерѓ Гал,** во заедничкиот реферат направија осврт во наставните програми по историја што се во примена, како и на тие што се подготвуваат во нашите републики. Според нивното искажување многу е важно адекватното толкување на важните историски настани преку наставните програми и учебниците по историја во нашите републики, а посебно да биде идентично толкувањето на настаните од заедничката историја на народите на Југославија. За вистинито да се реши тој проблем „потребно е непристрасност, научност и марксистички класен став на нашата наука и нашите наставници. Во спротивно тоа може да послужи за национален романтизам, што има мало растојание до национализмот", беше подвлечено во рефератот.

**Другарката Олга Салзер** се задржа на повеќето компоненти што служат за активирање на учениците во наставата по историја. Според неа историјата е наука која се потпира на историски факти, меѓутоа, таа не смее да поставе сума од факти, туку живо ткиво што ги собира и осмислува фактите. „Затоа, подвлече таа, е поважно да се разбере што значат тие факти отколку да се знаат факти, затоа што

само со „бубање“ напамет учениците губат интерес и од тоа немаат практична корист“. Таа се задржа и на потребата од развивање на историското мислење кај учениците за критичко и самостојно да доаѓаат до вистината кога учат историја за да се развие кај нив интерес и љубов кон предметот.

**Војо Кушевски и Дамјан Лепчевски** се задржаа на важноста од користењето на уметничката литература во наставата по историја. Со примери и аргументи тие укажаа како и кога може и треба да се користи таа литература за да помогне на учениците за полесно и поуспешно совладување на материјалот. Нивното излагање имаше проблемско инструктивен карактер и беше проткаено со податоци од успешно експериментално следење на примената на уметничка литература во наставата по историја, во одделни училишта, во СР Македонија.

**Другарот Хрвоје Матковиќ,** говореше за примената на аудиовизуелните средства во наставата по историја, за нивната успешна и неуспешна примена во практиката. Од тоа што можела да го уочи просветно-педагошката служба, тој се заложи за систематско подготвување на наставниците, преку семинари и специјални обуки, како би се избегнало импровизираното применување на тие средства, или не применувањето во наставата по историја.

**Другарот Лазар Ракиќ,** направи преглед на литературата посветена на наставата по историја, во стручниот печат во Југославија. Тој се осврна на примери печатени во методиките и другите стручни списанија и рече дека е печатена обемна литература, меѓутоа искажа незадоволство поради „заостанувањето на литературата од наставата по историја зад научната историографија.“ Ги повика наставниците да ги пренесуваат своите искуства во стручните списанија за сами себеси да си помогнат и да се оспособат за поуспешно да ја пренесуваат историската вистина на учениците.

**Другарот Вукашин Радоњиќ** направи компаративен преглед на содржините на историските читанки што се применуваат во основните училишта и гимназиите во Југославија и укажа на застапеноста и недоволната застапеност на историјата од одделни наши народи во секоја читанка поодделно. Посебно подвлече „дека во читанките има повеќе изворни текстови, а недоволно уметничка литература“. Според него текстовите од национална историја оправдано заземаат поголем простор но е неоправдано што е голем бројот на текстовите од одделни истории на народите на Југославија мал. Во врска со тоа тој повика на соработка при изработката на учебниците и историските читанки.

**Другарката Жељка Каргачин,** укажа на важноста од користењето на повеќе форми и методи за проверувањето и оценувањето на знаењата по историја на учениците. Се заложи за одредени критериуми на работа и правично и стимулативно оценување на знаењата. Побара јавно и објективно оценување што ќе ги раздвижи резервите на учениците. За оценување на знаењата што значат разбирање на настаните, логично проценување и каузално разбирање, а не на „набубани“ факти.

**Другарот Љубо Спаравало,** го подигна реагирањето на присутните со зборовите: „Ако констатираме дека учениците не ја сакаат историјата, посебно најновата — а тоа често го чиниме, тогаш мораме да се запрашаме дали наставата по историја, оваква каква што е, одговара на нивното стварно интересирање, дали учениците, учејќи ја, стварно можат полесно да ги разберат современите настани и времето во коешто живеат и дали тоа што го учат во училиштето се совпаѓа со тоа што се среќава во животот? Барајќи одговор на овие прашања сигурно би дошле до заклучок дека големиот дел од одговорноста за пасивноста на учениците го носи наставата и ние наставниците“. Се разбира со ваква уопштена негативна констатација не се согласија присутните (тоа го покажа дискусијата), меѓутоа, се согласија со неговата констатација дека „за научноста на наставата по историја основно е колку е таа заснивана на историската наука, колку е во можност на учениците да им даде елементи за развивање на критичното историско мислење и колку ќе ги оспособи за самостојно добивање на историски знаења“. Тој ги осуди шемите и шаблоните при изведувањето на наставата по историја и побара умеење да се предаде како што треба историската вистина.

*
* *

На Симпозиумот до израз дојде еднодушноста и единството на учесниците. Уште еднаш се покажа дека е неопходна соработката на историчарите на југословенско ниво. Во врска со тоа од Претседателството беше предложено такви симпозиуми да се одржуваат секоја година. Меѓутоа, тој предлог беше коментиран како нереален со забелешка дека е можно и потребно добро подготвени стручни средби да се одржуваат секоја втора, односно секоја четврта година, како што е пракса со организирањето на конгресите на Сојузот на историчарите на Југославија.

Симпозиумот во целина успеа, меѓутоа трпи одделни примедби. Може да се забележи како недостаток што не беше однапред подготвен и однапред на учениците поделен материјал, односно рефератите. Заради тој недостаток сметаме дека и дискусијата не беше богата. Сите 12 реферати беа читани пред сите 300 учесници, во една просторија, и не беше можно сите присутни излагањата внимателно и со успех да ги слушаат. Можеби организаторот немаше материјални средства и други услови за да работата на симпозиумот ја организира по секции, како што беше однапред предвидено.

Се очекува овие пропусти да бидат ублажени со остварувањето на заклучокот на симпозиумот: материјалите да бидат печатени во посебна книга за да останат како трајна вредност.

Од содржината на работата на симпозиумот може да се оцени дека беше разгледувана широка стручна проблематика од наставата по историја. Таквата работа е оправдана за Првиот југословенски симпозиум за наставата по историја. Меѓутоа, би требало да се очекува наредните

симпозиуми од овој вид да бидат посветени на конкретни теми од поедини области од наставата по историја, за да биде работата повеќе продлабочена и корисна. Можеби уште на овој симпозиум требаше да се постави задача во таа насока, како би се вршеле подготовките на време и успешно.

Третиот ден од работата на симпозиумот беше посветен на научна екскурзија до културно-историските споменици во Нови Сад и околината, како и во Сремски Карловци и околината, од што присутните останаа мошне задоволни.

Д. Л.

## СИМПОЗИУМОТ — „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДВИЖЕЊЕ"; ШТИП 8, 9 и 10 ноември 1972 година

По повод 100 годишнината од раѓањето на великанот на македонското национално - револуционерно движење Гоце Делчев (1872—1972) на 8, 9 и 10 ноември 1972 година во Штип се одржа научен собир под наслов „Гоце Делчев и македонското национално-револуционерно движење". Организатор на симпозиумот беше Македонската академија на науките и уметностите, Институтот за национална историја — Скопје и Собранието на град Штип.

На 8. XI. 1972 година во 16 часот во просториите на амфитеатарот на Педагошката академија „Гоце Делчев" во Штип симпозиумот свечено го отвори академикот Кирил Миљовски, претседател на Одборот за прослава на гореневедената научна средба. Меѓу другото, академикот Миљовски ги поздрави присутните гости на симпозиумот — Ванчо Апостолски, потпретседател на Собранието на СРМ, д-р Деса Миљовска, републички секретар за култура, Љупчо Арсов, Александар Грличков и Фируз Назим, членови на Советот на федерацијата, Боро Денков, член на Секретаријатот на ЦК на СКМ и други општествено-политички и културни работници. Учесниците и гостите на симпозиумот ги поздрави и им пожела успешна работа Милан Хорват, претседател на Собранието на град Штип.

Потоа учесниците и гостите на симпозиумот во Ново Село, пред зградата на Основното училиште „Гоце Делчев" (сега „Тошо Арсов"), каде Гоце учителствувал од 1894/96 година, положија венец на спомен-релјефот на Гоце Делчев. За учителската дејност на Гоце Делчев во Штипско зборуваше Благоја Цветковски. Веднаш потоа учесниците на симпозиумот и граѓаните на град Штип присуствуваа на свеченото отворање на галеријата на икони во црквата „Успение на Света Богородица".

На научниот собир со реферати настапија 27 научни работници. Нивните кратки резимеа беа изнесувани од самите референти на 9 и 10. XI. 1972 година во претпладневните часови, додека во попладневните се водеше жива и мошне интересна дискусија.

Ликот на Гоце Делчев, неговата активност и потполна преданост на револуционерното дело, беше ана-